# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 6 27.06.2023, вторник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

1. **Решение** за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово.........................................................................3

2. **Решение** за именување на вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово.....................3

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Решение за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово.........................................................................4
2. **Решение** за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово............................4
3. **Решение** за објавување на Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово...................……………………………………4
4. **Решение** за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ..............4
5. **Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ……………………..................5
6. **Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година …..........5
7. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија ……..............……………………….......5
8. **Одлука** за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија......................5
9. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово“……..........……………………...........6
10. **Одлука** за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово“.........................................................................6
11. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2023“ Пирава, Валандово.................…….….........6
12. **Одлука** за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2023“ Пирава, Валандово…........................................................................6
13. **Решение** за објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на проект:„Е-полначи за електрични возила: Техничка документација“……………………………….................7
14. **Одлука** за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на проект:„Е-полначи за електрични возила: Техничка документација“......................................7
15. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година.......7
16. **Заклучок** за давање согласност на План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година.................................................7

**17. Решение** за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година……………………..8
**18. Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година……………………………………………………..…..8
**19. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово .....................9
**20. Заклучок** за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово ..........................................................................9

Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 93-в од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 34/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20), член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

**1. СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово на Ташка Гетова, по сила на законот, поради истек на времето за кое е именуван.

**2.**Функцијата вршител на должноста директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, Ташка Гетова, ќе ја врши заклучно со ден 13.06.2023 година.

**3.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Ташка Гетова, со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово бр.09-1126/2 од 13.12.2022 година, е именувана за вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, до избирањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

Бидејќи извршувањето на должноста, согласно член 93-в став 2 од Законот за средно образование извршувањето на должноста е ограничена со определен временски период, се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

| | |
|---|---|
| Бр.09-620/1 | Градоначалник |
| 12.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 93-в од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 34/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20), член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

**1.** За вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово **СЕ ИМЕНУВА** Ташка Гетова, вработена во училиштето и ги исполнува условите за директор.

**2.** Именуваната, должноста ќе отпочне да ја извршува од 14.06.2023 година и ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на нејзиното именување.

**3.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, поради истек на времето за кое е именуван, со Решение бр.09-620/1 од 12.06.2023 година, констатира престанокот на мандатот на вршителот на должноста директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово.

При таква состојба, согласно член 93-в став 1 од Законот за средно образование е пропишано дека Градоначалникот именува вршител на должноста директор, од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

Имајќи го тоа во предвид со оваа Решение се именува вршител на должноста директор, кој работите ќе ги врши до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

| | |
|---|---|
| Бр.09-620/2 | Градоначалник |
| 12.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/7 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 114 став 8 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19,146/19, 275/19, 311/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово**

1. За претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово, се именува:

- Јасминка Давидоваливеа

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-60/7 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/11 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и („Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** Од член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, на негово барање **се разрешува**:

- Мартин Катиќ

**2.** За нов член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, за преостанатиот дел од мандатот ќе се именува член по претходно објавен јавен повик согласно пропишаните одредби од Законот за јавните претпријатија.

**3.** Оваа Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-60/11 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/2 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите (“Службен весник на РМ” бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на РСМ” бр.151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потст. | Буџет | Самоф. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | 0 | - 140.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 140.000 | 0 | 0 |
| **ЕО ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | - 470000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | - 400000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Ј3 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | - 580000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Ф1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 Изработка на просторни и урбанистички планови | - 760000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К4 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 1200000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 1010000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината” и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Бр.08-60/2 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/3 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на средства на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, на КУД „Гоце Делчев“ Валандово, за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 останати трансфери до невладини организации на КУД „Гоце Делчев“ Валандово со ЕДБ: 4003986102284 на

трансакциска сметка бр.200000003002627 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финснсиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-60/3 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување средства на КУД „Гоце Делчев" Валандово за учество на интернационален фолклорен фестивал во Лазаревац, Република Србија, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/5 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22, став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 15, став 1, точка 4, член 21 став 1 точка точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово"**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Валандово **УТВРДУВА ПРИОРИТЕТ** на Проектот „Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р-1105 со населено место Горна Мала, Општина Валандово.

**Член 2**

Приоритетот од Член 1 од оваа Одлука е утврден врз основа на извршените согледувања на приоритетите во руралните населени места во Општина Валандово.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник" на Општина Валандово.

Бр.08-60/5 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2023" Пирава, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2023" Пирава, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/9 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2023" Пирава, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, на организаторот на спортската манифестација меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2023" Пирава, Валандово се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма A0 - Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на име на организаторот – Здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месната Заедница Пирава, Валандово со ЕДБ 4003017503131 на трансакциска сметка бр.210071819300109 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-60/9 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на проект:„Е-полначи за електрични возила: Техничка документација“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на проект:„Е-полначи за електрични возила: Техничка документација“, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/10 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22, став 1 точка 2, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002), член 15, став 1, точка 2, член 21 став 1 точка точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на проект:„Е-полначи за електрични возила: Техничка документација “**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Валандово во реализација на проект: „Е-полначи за електрични возила: Техничка документација“ во износ од 944 американски долари во денарска противвредност.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за изработка на комплетна техничка документација за инсталација и користење на станици за полнење батерии на возила на електричен погон во сите 10 општини во Југоисточниот плански регион.

Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, 13а истиот е аплициран преку проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – фаза 2“ кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Валандово.

Бр.08-60/10 Совет на Општина Валандово
23.10.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Планот за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Планот за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/4 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и третата

редовна седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измената на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2023 година, бр.01-672/1 од 20.06.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-60/4 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/6 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Согласно член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 32/20"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово а врз основа на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/22, 3/23, 4/23 и 5/23), Советот на Општина Валандово на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, во точка Г, потточка Г1 текстот:

„Г1: Се започнува постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20) kV, КП 898 и КП 263/2, во КО Раброво, од новопланирана трафостаница на КР 385 КО Раброво до проклучна точка на ЕВН, во општина Валандово со површина од 0,04 ха. согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ 32/2020),“ по иницијатива поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги ВАТ Енерџи ДОО Скопје.

Финансирањето на изработката на урбанистичките проекти со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.“ се заменува со текстот:

„Г1: Се започнува постапка за донесување за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20) kv, од новопланирана трафостаница на КП 385 КО Раброво до приклучна точка на ЕВН на КП 3592/1 КО Валандово-вонград, во Општина Валандово, со површина од 0,08 ха и со должина на ровот 381.887 м', согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ 32/2020), по иницијатива поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги ВАТ Енерџи ДОО Скопје

Проектниот опфат поминува низ западниот дел од КО Раброво и низ источниот дел од КО Валандово-вонград и ги опфаќа дел од катастарските парцели: КП 898 КО Раброво и КП 3592/1 КО Валандово-вонград.

Финансирањето на изработката на урбанистичките проекти со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.“

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, по точка Г се додава нова потточка Г5, која гласи:

„Г5: Се започнува постапка за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за електричен кабел од 10(20) kV од приклучна точка на постоен Аз столб на дел од КП 2028 КО Градец-вон-град, со траса која ќе поминува низ дел од КП 2028 КО КО Градец-вон-град и дел од КП 2312 КО КО Градец-вон-град до новопланирани трафостаници на делови од КП 2027/2 И КП 2027/7, КО Градец-вон-град, Општина Валандово, со прелиминарни површина на опфат од 1372,38 $м^2$ и должина од 687,29 м, согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ 32/2020), по иницијатива поднесена од ДПТ СОЛИС ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје

Финансирањето на изработката на урбанистичките проекти со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.“

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-60/6 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година.

Бр.09-682/8 Градоначалник
23.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и третата редовна седница, одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово.
2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-60/8 Совет на Општина Валандово
23.06.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---